CRPM Center for Research and Policy Making ... policy impact since 2004

forumi i gruas женски форум women's forum

UN WOMEN United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

# МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАЈ

## за процесот на подготовка на програмите и буџетот на општина Тетово/

од родова перспектива за планирањето и трошењето на јавните пари во општина Тетово

## во однос на пристапот до јавни услуги за социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст




Автори:
**Џане Крешова, Слаѓана Јосифоска**
Партнерска организација:
**Здружение на граѓани**
**"Женски Форум - Тетово"**

Ментори:
Др. **Марија Ристеска**
М-р **Емил Шурков**
М-р **Ристе Јуруковски**



Чувар(к)и на јавно ќесе за родово одговорен буџет е активност која се спроведува во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија (2013-2016)„ на UN Women финансиран од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за соработка и развој. Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг – ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје и партнерските организации.

Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

forumi i gruas
женски форум
women's forum

UN WOMEN
United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

# МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАЈ

**за процесот на подготовка на програмите и буџетот на општина Тетово/**
од родова перспектива за планирањето и трошењето на јавните пари во општина Тетово

**во однос на пристапот до јавни услуги за социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст**


Автори:
**Џане Крешова, Слаѓана Јосифоска**
Партнерска организација:
**Здружение на граѓани**
**"Женски Форум - Тетово"**

Ментори:
Др. **Марија Ристеска**
М-р **Емил Шурков**
М-р **Ристе Јуруковски**



"Содржината на оваа публикација е одговорност авторите и таа во никој случај не ги одразува ставовите на UN Women, Австриската развојна агенција, Швајцарската агенција за соработка и развој, и ЦИКП Консалтинг ДОО"

# Содржина


1. Вовед ... 4
2. Методологија ... 5
3. Резултати од следење ... 6

3.1 Фаза I: Идентификација на Тековниот статус на приоритетот: Пристапот до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст ... 6

3.2 Фаза II: Следење на процесот на Консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки. Каков е третманот на приоритетот: Пристапот до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст? ... 9

3.3 Фаза III: Следење на процесот на Подготовка на програмите /годишните планови за 2017 Каков е третманот на приоритетот во овој процес? ... 10

3.4 Фаза IV: Следење на процесот на Усвојување на програмите /годишните планови за 2016 ... 11

3.5 Фаза V: Следење на процесот на Планирање на буџетот за 2016 ... 11

3.6 Фаза VI: Усвојување на буџет. Каков е третманот на приоритетот во овој процес? ... 12

4. Буџетска анализа ... 12
5. Заклучоци ... 14
6. Препораки ... 15

Информирање/Транспарентност ... 15

Консултации ... 15

Генерален третман на прашањето за родова еднаквост ... 15

7. Користена литература ... 16




# 1. Вовед

Ова истражувањето се однесува на следење на буџетскиот процес кој не е само процес на балансирање меѓу приходната и расходната страна на буџетот, туку и процес на поставување на приоритети и донесување на одлуки за прашања што влијаат на секојдневниот живот врз мажите и жените и тоа на различни начини. Затоа рамноправниост пристап во утврдувањето на приоритетите за тие да одговараат на потребите и на мажите и на жените е неопходен за да се постигне подеднакво распределување на буџетските средства, а со тоа и спроведување на еднаквиот третман помеѓу мажите и жените уреден со законодавството и политиките.

Важноста од следење на буџетскиот процес произлегува од потребата за поголемо внимание и проактивен пристап во идентификувањето на приоритетите и потребите на жените на локално ниво од страна на општина Тетово во процесот на подготовка, донесување и спроведување на програмите и Буџетот на општината. Бидејќи програмите од различни области имаат различни позитивни и негативни ефекти врз жените и мажите, е од особена важност е да се следи програмирањето и буџетирањето на средствата на општината акоземеме в предвид дека жените недоволно учествуваат во процесите на одлучување.

Здружение "Женски Форум - Тетово", како здружение кое работи на прашањето за подобрување на положбата на жената воопшто, а особено на локално ниво. Организацијата, презема чекори за следење на надлежностите, процесите на планирање и одлучување, начинот на дејствување на општинските власти и нивниот однос кон прашањата за родовата еднаквост во рамките на тие процеси. Локалните проблеми и потреби на жените ги идентификува преку спроведување на фокус групи во општина Тетово, со жени од урбани и рурални средини, со различна возраст, етничка припадност и образование, при што се издвојува листа на приоритетни услуги.

Со оглед на тоа што, Здружение Женски Форум Тетово, во текот на минатата и оваа година веќе има спроведено мониторинг на потребите на мажите и жените кои живеат на територијата на општина Тетово. Овие истражувања утврдуваат приоритетни потреби врзани со на пристапот до услуги од сферата на економски развој /економско зајакнување на жени а е директно поврзан со проблемот на **пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст**. Токму затоа овој проблем кој постои во општина Тетово, а којшто поради востановените навики и практики во општеството (грижата за децата и старите лица во семејството да биде товар на жените), особено ги засега жените, беше избран како предмет на следење во рамки на овој процес.

Дека овој проблем е од родов карактер е повеќе од очигледно. Неможноста за згрижување на децата во соодветно организирани форми за предучилишно образование е фактор кој ги попречува жените да бараат работа и да одат на работа, што пак предизвикува други потешкотии кои ја ставаат жената во подредена положба во однос на мажот и ја прават економски зависна, најчесто од сопругот, но и од

другите членови на семејството.

Мониторинг процесот и извештајот произлезен од него даваат слика на моменталната состојба во општина Тетово во однос на внесувањето на родовата компонента во буџетското планирање на општината и нејзиниот однос кон приоритетниот проблем: **Пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст**. Дадените препораки би можеле да придонесат за унапредување на работата на општината на ова поле и исполнувањето на обврските на општината за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво.

## 2. Методологија

Овој извештај е резултат на низа теренски активности за собирање на примарни податоци и нивна обработка во однос на избраниот од страна на самите жени, приоритетен проблем: **Пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст.**

Општа цел на спроведувањето на мониторингот е обезбедување на релевантни информации за третманот на родовите прашања од страна на општината и подготовка на мониторинг извештај кој вклучува и соодветни препораки. Специфична цел на следењето е да се идентификува дали и на кој начин општината ги третира потребите на жените од локалната заедница. Предмет на следење се активностите/мерките и ресурсите на општината во однос на избран приоритетен проблем, а чие решавање спаѓа во директна надлежност на општината.

Имајќи ги предвид законски утврдените процеси на подготовка на годишните програми и буџетот на општината, како и законските обврски за унапредување на родовата еднаквост, мониторингот се фокусира на следниве прашања:

- Каков е тековниот статус на приоритетот: **Пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст?**;
- Каква е праксата на информирање и консултации заради испитување на потребите и прибирање предлози за мерки од жените?;
- Дали и на кој начин механизмите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите се вклучуваат во консултации, планирање и одлучување;
- Какви мерки и активности се планирани во годишните планови и буџетските алокации на општината за одговор на приоритетите на жените.

Мониторингот се одвиваше врз основа на методолошка рамка за следење,[1] која служеше за обезбедување на основните неопходни информации и аргументи за успешно застапување на потребите на жените

[1] Методолошката рамка за следење е преземена врз основа на стекнатата обука за градење на капацитети на локални женски здруженија на граѓани од Здружението за унапредување на родавата еднаквост Акција Здруженска Скопје во рамки на проектот "Родовата рамноправност во локалните буџети"



во заедницата во која тие дејствуваат. Следењето и проценката беа извршени од страна на две мониторки, претставнички на Здружение "Женски Форум - Тетово". Следењето се одвиваше во неколку последователни чекори кои ги опфаќаат клучните фази од локалниот циклус на подготовка и усвојување на годишните програми и буџетот. При спроведување на мониторингот беа користени следниве методолошки техники и инструменти:

- интервјуа (со координаторката за еднакви можности, раководителите на секторот за финансии и секторот за јавни дејности);
- анализа на документација (програма за работа на Секторот за јавни дејности, Програма за активностите на општина Тетово во областа на социјалната заштита, Локален акционен план за еднакви можности на жените и мажите и буџет на општината);
- набљудување;
- компаративни анализи

Начинот-методолошката алатка и можниот извор на информациите беа определени пред секоја истражувачка активност. Податоците беа квантитативно и квалитативно организирани и забележани според однапред подготвените табеларни рамки.

## 3. Резултати од следење

### 3.1. Фаза I:

### Идентификација на Тековниот статус на приоритетот: Пристапот до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст

Во општина Тетово, постои само една детска градинка ОЈУДГ "Младост" Тетово, која во својот состав има 5 клона со капацитет за вклучување на вкупно 505 деца на возраст од 0 – 6 години. Поради големата потреба од згрижување на деца во истата моментално се згрижени околу 700 деца, (соодносот меѓу машки и женски е речиси еднаков) што ги надминува капацитетите на градинката и сите групи на деца се двојно поголеми од предвиденото со стандардите. Состојбата е уште полоша во руралните средини каде што не постојат детски градинки и можноста за услуга од типот на згрижување на деца од предучилишна возраст, жителите на овие средини воопшто ја немаат.[2]

Исто така во општина Тетово, согласно адресарот за центри за ран детски развој објавен од Министерство за труд и социјална политика, постојат 6 Центри за ран детски развој и тоа: во градска средина Поток, Теќе и Голема Речица и во рурални средини - во с. Фалише, с. Селце и с. Шипковица. Во овие центри по скратени програми со згрижување во период од 3 часа се опфатени околу 345 деца (соодносот меѓу машки и

[2] Интервју со директорката на детската градинка Младост во Тетово, Рамие Даути на 12.10.2016 "Транскриптот од интервјуто е достапен во архивата на авторите."

женски е речиси еднаков) или околу 70% од капацитетот на градинката. Овие центри за ран детски развој се само алтернатива за детските градинки, бидејќи не овозможуваат целодневно прифаќање на децата, но од друга страна се од голема корист затоа што се со флексибилно работно време прилагодено според потребите на родителите и заедницата.

Отворањето на Центри за ран детски развој во Тетово, се активности на општината кои се однесуваат на овој приоритет, а во рамки на соработката со граѓанските организации и фондови. Имено, два од нив се отворени и сеуште функционираат со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје и Австриската влада, а останатите се отворени во рамки на иницијативата на канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје и Фондацијата Т-Мобиле за Македонија „Првите пет се најважни на свет", во соработка со Здружение Женски Форум Тетово, а функционираат со поддршка на општина Тетово.

На 29.02.2016 донесена е одлука на Седница на Советот на општина Тетово за формирање на Центри за ран детски развој во состав на Јавна установа за деца, детска градинка "Младост"- Општина Тетово. Со оваа Одлука се формираат центри за ран детски развој во состав на ОЈУДГ "Младост"- Тетово, и тоа:

**Табела 1** - Центри за ран детски развој во состав на ОЈУДГ "Младост"- Тетово.
Извор: Одлука на Седница на Советот на општина Тетово донесена на 29.02.2016 .

| Бр. | Локација | Назив кој ќе го носи центарот |
|---|---|---|
| **1.** | ООУ "Реџеп Вока" - с. Шипковица | ЦРДР "Реџеп Вока" - с. Шипковица |
| **2.** | ООУ "Кирил и Методиј" - Тетово | ЦРДР "Кирил и Методиј" - Тетово |
| **3.** | ОЈУГД "Младост" - објект - Поток | ЦРДР "Поток" - Тетово |

Меѓусебните права и обврски меѓу ОЈУДГ "Младост" и директорите на основните училишта кои се однесуваат на отстапување на користење на просторот во основните училишта за потребите на Центарот за ран детски развој, ќе бидат утврдени со посебен договор кој би го склучиле директорот на ОЈУДГ "Младост" и директорите на основните училишта ООУ "Реџеп Вока"- с. Шипковица, и ООУ "Кирил и Методиј" - Тетово.

Општината Тетово ќе ги обезбедува средствата за формирање и работење на Центрите за ран детски развој од буџетот на општина Тетово се до создавање на условите на ОЈУДГ "Младост", средствата за функционирање на Центрите за ран детски развој да ги обезбедува во рамките на блок дотации на ОЈУДГ „Младост", од буџетот на РМ.

Општината Тетово како основач на матичната ОЈУДГ "Младост" во чиј состав ќе функционираат Центрите за ран детски развој, ќе ги преземе сите потребни активности утврдени со законските и подзаконските акти, со цел за добивање на Решение од надлежното Министерство, со потврда од Министерот за труд и социјална политика за отпочнување со работа и вршење на дејност на Центрите за ран детски развој.[3]

Врз основа на сознанијата на Здружение Женски Форум Тетово од секојдневните контакти со жените во општината (урбани и рурални средини), во општината постои многу поголема потреба од згрижување на деца, (во споредба со тоа што моментално го овозможуваат детската градинка и Центрите за ран детски развој). Голем број деца за кои постои

[3] Одлука објавена во Службен гласник бр. 34.16 од 07.03.2016 , влезена во сила со денот на објавување во Службениот гласник. http://www.tetovo.gov.mk/docs/df21c702_pdfresizer.com_2016-03-19_01-30.pdf



потреба од згрижување се на листите на чекање. Ова го потврдуваат и резултати од истражувања[4] според кои, бројот на деца кои одат во градинка расте, а Тетово е општина со најголем раст на бројот на деца кои одат во градинка во периодот 2007/2015 година.

**График 1** - Раст на бројот на деца кои одат во градинка во општина Тетово (2007-2015 год).




Општина Тетово има воспоставено Програма[5] за 2016 година со активности на општината во областа на социјалната заштита, но не и посебна програма која се однесува на услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст.

Од анализата на усвоената Програма за активностите на Општина Тетово во областа на социјалната заштита во 2016 година, забележано е дека една од целите на програмата е: Создавање на услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст. Во програмата меѓу другите се предвидени и мерки и активности во насока на остварување на оваа цел со предвидени средства, извор за обезбедување на средствата, носител, рок за реализација и тоа:

**Табела 2** - Програма за 2016 год. со активности на општината Тетово во областа на социјалната заштита, и посебна програма за услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст.

| Реден бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Набавка на училишен прибор на деца без родители | Септември | Општина Тетово | 70.000 ден. |
| **2.** | Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби | Декември | Општина Тетово | 90.000 ден. |
| **3.** | Нега на деца со аутизам | По потреба | По Општина Тетово | 160.000 ден. |
| **4.** | Инклузија на деца Роми | / | Општина Тетово | 90.000 ден. |
| **5.** | Одбележување на меѓународниот ден на децата | 1 Јули | Општина Тетово ОЈУДГ "Младост" - Тетово | 60.000 ден. |
| **6.** | Одбележување на меѓународниот ден на Конвенцијата на правата на децата | 20 Октомври | Општина Тетово ОЈУДГ "Младост" - Тетово | 60.000 ден. |
| **7.** | Промоција на родова рамноправност | По потреба | Општина Тетово, НВО | 60.000 ден. |
| **8.** | Помали градежни инвестиции во ОЈУДГ Младост Тетово | По потреба | / | 1.230.000 ден |
| | **Вкупно** | | | **1.820.000 ден.** |

[4] Арсовска Маја, „Бројот на деца кои одат во градинки расте" (26.10.2016) Pravodaznaesh.mk.
[5] ПРОГРАМА за активностите на Општина Тетово во областа на: социјалната заштита во 2016 година Бр. 08-6481/12 донесена од Совет на Општина Тетово на седница одржана на ден 29.12.2015 година, достапна на веб страната на општината Службен гласник на општина Тетово бр.32, објавен на 05.01.2016 http://www.tetovo.gov.mk/docs/4c3aa5db_Flet.zyrtare_nr.32.pdf

Како извори на предвидените средства за реализација на овие активности во програмата се наведени: сопствени приходи, општина Тетово, Министерство за труд и социјална политика (МТСП) и донации. Конкретни мерки и активности поврзани со згрижување на деца од предучилишна возраст не се содржани во оваа програма.

Координаторката за еднакви можности е делумно запознаена со проблемот за **згрижување на деца од предучилишна возраст** во Општина Тетово, учествувала на неколку обуки најчесто во организација на МТСП, а членовите на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите (КЕМЖМ) воопшто немаат сознанија за овој проблем. За прашањето за **згрижување на деца од предучилишна возраст** во општината надлежни се: Сектор за јавни дејности, Единица за социјална, здравствена и детска заштита, Раководителот на секторот за јавни дејности, Локалната Комисија за еднакви можности на жените и мажите и Координаторката за еднакви можности во Општина Тетово. Општина Тетово не собира родово разделена статистика. Општината се уште не започнала со собирање на родово разделена статистика, но Координаторката за еднакви можности истакна дека е свесна за неопходноста од ваквата статистика во општината, но дека им е неопходна консултантска помош и соработка со женски НВО.[6]

## 3.2. Фаза II: Следење на процесот на Консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки. Каков е третманот на приоритетот: Пристапот до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст?

Општина Тетово досега нема пракса на организирање консултации со граѓаните заради идентификација на проблеми и прибирање на предлози за преземање на мерки во процесот на планирање на годишните програми и буџетот. Праксата на консултации се состои од директен прием на граѓаните од страна на Градоначалничката во нејзиниот кабинет секој втор петок на кој граѓаните можат да ги изразат своите потреби кај градоначалничката во определено време од 2-5 минути. На директните средби што градоначалничката ги има со граѓаните често се поставува прашањето за згрижување на деца од предучилишна возраст. На средбите има и многу жени, кои се чувствуваат послободни да пристапат до општината откако има жена градоначалничка. Ова особено се однесува на жените од руралните средини во општина Тетово за кои градоначалничката е особено заинтересирана за вклучување во активности од кои тие жени ќе почувствуваат економски бенефит.[7]

Податоците за исходот од овие средби не се достапни, за да можат јавно да се видат приоритетите на граѓаните.

Општината објавува и јавни анкети на својата веб страна кои траат

[6] Интервју со Координаторката за еднакви можности Радмила Анѓелковска на датум 18.10.2016" Транскриптот од интервјуто е достапен во архивата на авторите."
[7] Интервју со раководителката на секторот за финансии Ермира Фида на датум 20.10.2016 "Транскриптот од интервјуто е достапен во архивата на авторите."



по 5 работни денови.[8] Увидот во информациите на веб страната на општината покажува дека прашањето на згрижување на деца од предучилишна возраст никогаш не било предмет на овие анкети.

Праксата на проактивен пристап во консултирање со граѓаните особено жените вообичаено се одвива во рамките на проекти на граѓански организации и соработка со меѓународни организации, таков пример е проектот за родово одговорно буџетирање на УН жени (UN Women) кој се имплементира во општина Тетово. Во рамки на овој проект се креира Стратегија за родова еднаквост во кој процес општината ги вклучи и женските НВО како Женски Форум кои имаат секојдневни контакти со жените и спроведуваат истражување за нивните приоритети и потреби кои се планира да бидат земени предвид и да се вклучат во стратегијата.

Ваквиот пристап на организирање на консултации со граѓаните особено со жените, не се практикуваат ниту од механизмите на локално ниво, како и до страна на координаторката за еднакви можности и од страна на членовите на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите (КЕМЖ). Тие немаат спроведено ниту учествувале во ваков вид на активности: Консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки воопшто и конкретно по однос на приоритетот: **Пристапот до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст**.[9]

Единствена активност на Координаторката за еднакви можности за давање предлози и мерки е нејзиното учество како член на работната група за изработка на локален акционен план за родова еднаквост на општина Тетово кој е изработен од страна на Женски Форум во склоп на проектот Граѓанска акција за родова еднаквост поддржан од УСАИД И ФООМ.[10]

Преку ова уште еднаш се потврдува дека активностите на механизмите за родова еднаквост на локално ниво не се иницирани од самата општина, туку зависат од проекти на НВО и меѓународна соработка.

## 3.3. Фаза III: Следење на процесот на Подготовка на програмите /годишните планови за 2017 Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Периодот на подготовка на нацрт плановите во општина Тетово е во текот на месец Октомври.

За време на увидот се работеше на подготовка на програмите и плановите за 2017 година во општина Тетово но сепак координаторката за еднакви можности на жените и мажите, не е вклучена на било каков начин во подготовката на програмите и годишните планови по сектори за 2017 година. Таа ниту била консултирана, ниту дала предлози по однос на истите.[11]

[8] Увид во информациите на веб страната на општината www.tetova.gov.mk
[9] Интервју со координаторката за еднакви можности Радмила Анѓелковска на датум 18.10.2016 "Транскриптот од интервјуто е достапен во архивата на авторите."
[10] Проект "Граѓанска акција за родова еднаквост"
[11] Интервју со координаторката за еднакви можности Радмила Анѓелковска на датум 18.10.2016"Транскриптот од интервјуто е достапен во архивата на авторите."

Општина Тетово има подготвено посебна програма[12] со мерки за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2017 год, но во истата не се содржани мерки и активности поврзани со услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст.

### 3.4. Фаза IV: Следење на процесот на Усвојување на програмите /годишните планови за 2016

Во општина Тетово, според зборовите на Координаторката за еднакви можности, ниту една предлог програма на секторите, до сега не е дадена на разгледување од нејзина страна, па следствено на тоа Координаторката за еднакви можности и КЕМЖ немаат поднесено предлози и мислења за подобрување на предлог програмите и програмите по сектори во општина Тетово.

По однос на предметот на наш интерес: **Пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст**, Програмата за активности на Општина Тетово во областа на: социјалната заштита во 2017 година до моментот на увидот се уште беше во процес на изработка, така што рано е да се зборува за тоа дали истата ќе содржи одредени мерки и активности кои можат да се поврзат со овој предмет. Ова останува да биде предмет на следење во натамошниот период.

### 3.5. Фаза V: Следење на процесот на Планирање на буџетот за 2016

При процесот на следењето на тоа, каков е третманот на приоритетот: **Пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст** се заклучи дека динамиката на буџетскиот календар не се следи целосно.

Бидејќи предлог програмите по сектори во периодот на следењето се уште се во процес на изработка, следствено на тоа и предлог буџетот не беше изработен и достапен за увид во периодот на следењето. Поради ова не беше можна споредбата со усвоените програми и утврдување на поврзаноста на буџетот со Програмата за 2017 на Секторот за јавни дејности, што беше предмет на наш интерес.

Во однос на консултациите по предлог буџетот, во текот на следењето не се евидентирани повици до граѓаните на интернет страната на општината, огласи на огласна табла, средби со граѓани, посети на урбани и рурални заедници и сл. Ова укажува дека не се организираат посебни консултации со граѓаните, од страна на општината ниту се организираат посебни консултации со жени по однос на предлог буџетот.

Единствена консултативна средба во организација на Здружение Женски Форум Тетово и Проектот на УСАИД за Граѓанско општество кој го спроведува Фондација отворено општество Македонија на која беа поканети и присуствуваа: раководителката на секторот за финансии, координаторката за еднакви можности, претставници на граѓански здруженија, граѓани и медиуми, беше одржана во општина Тетово на 09.11.2016 со наслов „Родовата еднаквост во буџетското планирање на општина Тетово". На оваа средба беа разгледани преземените активности и достигнувањата на општината во поглед на родовата еднаквост во текот на 2016 година и се настојуваше да се влијае за приоритизирање на родовата еднаквост во буџетското планирање на општината за следната 2017 година. На средбата не беше даден на увид предлог буџетот за 2017, па консултативната средба повеќе наликуваше на консултации заради идентификација на проблеми и прибирање предлози за мерки, што докажува дека не се прави разлика, меѓу двете фази на консултации (по однос на нацрт плановите и по однос на нацрт буџетот).

[12] Локален акционен план за еднакви можности меѓу жените и мажите 2016/2017 изработен на иницијатива на Здружение Женски форум Тетово, од страна на работна група во која членуваа и координаторката за еднакви можности и две претставнички на КЕМЖМ, во рамки на проектот "Граѓанска акција за родова еднаквост" поддржан од USAID и ФООМ



Координаторката за еднакви можности била контактирана од страна на Секторот за финансии да даде предлог буџет за активности од областа на родова еднаквост, на почетокот на месец Ноември, па предлогот кој ги содржел мерките и активностите веќе предвидени во локалниот акционен план за еднакви можности на жените и мажите, бил доставен до претседателот на Советот на општина Тетово и секторот за општи и правни работи на 10.11.2016, но истиот не содржи мерки и активности кои се однесуваат на нашиот приоритет Пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст.[13]

### 3.6. Фаза VI: Усвојување на буџет. Каков е третманот на приоритетот во овој процес?

Буџетот на општина Тетово, вообичаено се усвојува на последната седница на Советот на општината во месец Декември, на крајот на годината. Во овој период на следење е рано да се анализира третманот на нашиот приоритет - Пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст, во фазата на усвојување на буџетот.

Предмет на наше следење во понатамошниот период ќе биде: структурата на буџетот, дали содржи информации за предметот на наш интерес, дали пред усвојувањето буџетот бил разгледуван од страна на градоначалничката, матичното тело, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМЖМ), дали КЕМЖМ поднела мислење или амандман по однос на истиот и дали комплетниот буџет на општина Тетово за 2017 е навремено објавен и јавно достапен.

## 4. Буџетска анализа

Во шесте центри за ран детски развој во Тетово и околината (Поток, Теќе, Голема Речица, с. Фалише, с. Селце и с. Шипковица), досега се вработени 6 воспитувачки. За секоја од нив се трошат по 12. 300 денари

[13] Интервју со Координаторката за еднакви можности Радмила Анѓелковска на датум 09.11.2016 "Транскриптот од интервјуто е достапен во архивата на авторите."

месечно. Средствата за четири воспитувачки (во центрите Голема Речица, с. Фалише, с. Селце и с. Шипковица) се трошат од буџетот на општина Тетово, вкупно 49. 200 денари месечно. За две воспитувачки (во центрите Поток и Теќе) средствата од вкупно 24. 600 денари месечно, се уште се обезбедуваат преку канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје со поддршка на Влада на Австрија.

Со оглед на тоа што поддршката на двата центри од страна на УНИЦЕФ и Владата на Австрија завршува со крајот на 2016 година, **во буџетот на општина Тетово за 2017 година треба да се предвидат и овие средства и ставката да се зголеми на вкупно 73 .800 денари месечно**.

За потрошни и дидактички материјали во центрите кои се финансираат од буџетот на општина Тетово (Голема Речица, с. Фалише, с. Селце и с. Шипковица) се трошат по 3. 000 денари месечно за еден центар или вкупно 12. 000 денари за четирите центри финансирани од буџетот. Следствено и **оваа ставка во буџетот за 2017 година на општина Тетово треба да зголеми за уште 6.000 денари за секој месец, земајќи ги предвид и средствата за материјали кои се трошат во двата центри (Поток и Теќе) кои засега се финансираат преку канцеларијата на УНИЦЕФ и Владата на Австрија**.

Досега од буџетот на општина Тетово, не се издвојуваа пари за ужина на децата кои ги посетуваат центрите. За да се зголеми интересот на родителите и мотивацијата на децата за посетување на центрите за ран детски развој, предложено е од страна на општината во буџетот за 2017 година да се предвидат дополнителни 19.580 денари месечно, за обезбедување ужина на сите деца во центрите.

Шесте центри за ран детски развој во Тетово и околината (Поток, Теќе, Голема Речица, с. Фалише, с. Селце и с. Шипковица) опфаќаат околу 345 деца.

Центрите Поток и Теќе кои до крајот на 2016 година работат со поддршка на УНИЦЕФ и Влада на Австрија опфаќаат вкупно 227 деца распоредени во 5 групи кои го посетуваат центарот 2 пати неделно. Се очекува по преземањето од страна на општината и овие два центри да почнат да работат со истиот распоред како и останатите четири кои ги финансира општината, со по две групи од по 15 деца секој ден.

Поради ова се очекува по преземањето на центрите Поток и Теќе од страна на општината, да се намали вкупниот број на опфатени деца на 178, но да се зголеми квалитетот на едукација, со тоа што децата ќе го посетуваат центарот секој ден и ќе имаат континуитет во процесот. Следствено на тоа, по преземањето на центрите Поток и Теќе од страна на општината се очекува да се намали и бројот на родители чии деца се вклучени во работата на центрите, но за сметка на тоа ќе се зголеми слободното време кое ќе го добијат родителите на децата особено мајките кои наместо два пати во неделата ќе имаат по три часа слободно време секој ден, за кое време можат да бидат продуктивни и на друго поле.

Како пресметка на дополнителното слободно време на родителите што би се ослободило од фнкционирањето на двата центра тргнуваме од просечната бруто плата во Македонија која изнесува 32.640 ден. Сметано 22 работни денови месечно по 3 часа дневно, како директен резултат на мерката, родителите/мајките ќе можат да извршуваат дополнителни работи 66 часа во месецот во вредност од 12.240 ден. (185 денари бруто



износ по час) како бруто износ за платена работа, или работи во домот, чија вредност би ја пресметале како платена работа.

Овие дополнителни приходи од платена работа или работа во домот ќе донесат поголема вредност за локалната економија, но и ќе го подобрат и квалитетот на животот на домаќинствата од кои потекнуваат тие родители и особено мајки.

## 5. Заклучоци

- И покрај тоа што пристап до јавни услуги од социјална заштита е една од надлежностите на општината, сепак посебни програми за згрижување на деца од предучилишна возраст не се планирани. Евидентно е отсуството на мерки и активности поврзани со овој приоритет во усвоените програми и планови на општината за 2016 година. Единствено мерки за пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст се предвидени во Програмата за активностите на Општина Тетово во областа на социјална заштита во 2016 година, може да се утврди висината на средствата планирани за реализација на мерките, но не и поврзаноста со буџетот.
- Планираните конкретни активности по однос на пристап до јавни услуги од социјална заштита - услуги за згрижување на деца од предучилишна возраст предвидени се во рамки на соработката со граѓански здруженија и проекти кои се реализираат со фондови од развојна помош.
- Надлежните механизми за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на локално ниво се недоволно искористени во подготовката на програмите и буџетот на општината. Дополнително, нема востановено системи за прибирање на статистички податоци, не е подготвена посебна програма со мерки за еднакви можности, ниту се издвоени средства за финансирање.
- Постоечките форми на вклучување на жените применети во процесот на планирање заради идентификација на проблеми и прибирање на предлози и мерки за финансирање се недоволни и еднонасочни.
- Големиот број на жени особено од руралните средини кои се обраќаат на општината ја покажува потребата од приоритизација на нивните потреби и проблеми.
- Родителите/мајките кои имаат свои деца во Центрите Поток и Теќе, по нивното преземање од страна на Општината, ќе можат да извршуваат дополнителни работи 66 часа во месецот во вредност од 12.240 ден. (185 денари бруто износ по час) како бруто износ за платена работа, или работи во домот, чија вредност би ја пресметале како платена работа. Тоа ќе донесе поголема потрошувачка за локалната економија но и ќе го подобрат и квалитетот на животот на домаќинствата од кои потекнуваат тие родители и особено мајки.
- Проактивен пристап при консултациите со жените во текот на следењето е забележан единствено преку проекти на граѓански здруженија и соработка со меѓународни организации

- Во процесот на подготовка и планирање на буџетот, отсуствуваат консултации со граѓаните (повици до граѓаните на интернет страната на општината, огласи на огласна табла, средби со граѓани, посети на урбани и рурални заедници и сл.) и посебни консултации со жени по однос на предлог буџетот. Буџетскиот календар не се следи целосно. При процесот на планирање и креирање на буџетот, не се прави разлика, меѓу двете фази на консултации (по однос на нацрт плановите и по однос на нацрт буџетот).
- Општината ненавремено ги објавува службените гласници на својата веб страна што оневозможува навремен увид во усвоените програми и буџетот на општината.

## 6. Препораки

### Информирање/Транспарентност

- Редовно и навремено објавување на интернет страната на општината на предлог буџетот, усвоениот буџет, предлог програмите, усвоените програми, закажани седници, дневни редови на седниците и службените гласници со комплетни информации.

### Консултации

- Општината да развие и практикува стандардизиран формат на консултации за прибирање мислења согласно чл. 83 – 113 од Статутот на општината.
- Информациите за одржување на консултативните средби и испитување на потребите на жените и во фазата на планирање на програмите и во фазата на разгледување на нацрт буџетот да бидат јавно објавени на начини и места лесно достапни за сите жени.
- Општината при идентификување на потребите на жените да ги консултира локалните женски граѓански здруженија од општината кои располагаат со информации од терен.

### Генерален третман на прашањето за родова еднаквост

- Општината да усвојува годишен план со основни и посебни мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (ЗЕМЖ), а врз основа на испитаните потреби на жените во процесот на консултации. Годишниот план да содржи средства одвоени од буџетот на општината со висина на поединечни буџетски алокации по програми, потпрограми и ставки.
- - Висина на поединечни буџетски алокации по програми, потпрограми и ставки да се предвиди и за мерките во сите секторски програми на општината.
- Општината да воведе пракса на систематизирање на предлозите од граѓаните прибрани преку постоечките форми на комуникација со граѓаните за истите да бидат земени предвид при планирање и буџетирање.
- Механизмите надлежни за интегрирање на родовата еднаквост на локално ниво (координатор за еднакви можности и КЕМЖМ), да развијат системи на анализа на статистички податоци, евиденција на идентификуваните потреби на жените и разгледување и давање мислење по однос на годишните програми, планови и нацрт буџетот.
- Промоцијата на родовата еднаквост да не биде условена од проекти на граѓанските здруженија и средства на меѓународни организации.

## 7. Користена литература


- Програма за работа на Секторот за јавни дејности за 2016 година на Општина Тетово,
- Програма за активностите на општина Тетово за 2016 година во областа на социјалната заштита,
- Локален акционен план за еднакви можности на жените и мажите на општина Тетово 2016/2017 година
- Буџет на општина Тетово 2016 година
- Адресар за центри за ран детски развој на Министерство за труд и социјална политика
- Службен гласник на општина Тетово бр. 34.16 од 07.03.2016 http://www.tetovo.gov.mk/docs/df21c702_pdfresizer.com_2016-03-19_01-30.pdf
- Проект "Граѓанска акција за родова еднаквост" 2015-2016 на Здружение Женски форум Тетово, поддржан од USAID и Фондација Отворено општество Македонија во рамки на Проектот на USAID за граѓанско општество
- САВОВСКА, Марија Родовата рамноправност во локалните буџети : модел на зајакнување / [авторка Марија Савовска ; коавторки Сузана Гроздановска Филевска, Соња Хаџи Николов]. - Скопје : Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска, 2016.
- http://www.tetovo.gov.mk,
- http://pravodaznaes.mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B8/31-mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B8/180-%D0%B1%D1%80%D0%BE%D1%98%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%B8-%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B5
- Интервју со директорката на детската градинка Младост во Тетово, Рамие Даути на 12.10.2016
- Интервју со Координаторката за еднакви можности на жените и мажите ви општина тетово, Радмила Анѓелковска на датум 18.10.2016 и 09.11.2016
- Интервју со раководителката на секторот за финансии во општина Тетово, Ермира Фида на датум 20.10.2016